ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Бр.12-114/6**

**Дата, 10.03. 2010 година**

**ДО**
**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА ЧАШКА**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Буџетот на Општина Чашка за 2008 година, кои се прикажани на страните 4 и 5.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 38 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Буџетот на Општина Чашка за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапуван од :

- Стојан Маневски, градоначалник на Општина Чашка во 2008 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 3 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во период од 27.10. до 10.11.2009 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;

- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. На ден 26.02.2010 година примени се забелешки по Претходен извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи за 2008 година на Општина Чашка за средствата на сметката на Буџетот, заведени под број 12-114/5 од 26.02.2010 година, од Градоначалникот на Општина Чашка, кој за периодот на ревизија бил одговорно лице. Забелешките се разгледани при што е одлучено следното: **забелешките кои се однесуваат на наодите од точките 10.1.1., 10.1.2. и 10.2.1. не се прифаќаат,** од причина што на увид не беа доставени дополнителни докази кои би влијаеле на мислењето на ревизијата и наодите остануваат во Конечниот извештај.

11**.** Со ревизијата на финансиските извештаи за 2008 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**11.1. Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

11.1.1. Општина Чашка со Буџетот за 2008 година има планирано приходи/расходи во износ од 34.547 илјади денари, меѓутоа во текот на 2008 година реализирани се приходи во износ од 24.018 илјади денари и расходи во износ од 22.899 илјади денари при што е остварен вишок на приходи во износ од 1.119 илјади денари. Планираните приходи се остварени со процент од 69,52%, а расходите со процент од 66,28%. Согласно Законот за финансирање на единиците за локална самоуправа доколку во текот на фискалната година приходите и расходите не се остваруваат значително, градоначалникот му предлага на советот измени и дополнувања на буџетот (ребаланс) во годината. Во 2008 година градоначалникот на Општина Чашка доставил до советот предлог за измена и дополнување на буџетот, но сепак приходите и расходите не се остварени во обем како се планирани.
Неусогласеноста на остварените со планираните приходи и расходи дава можност за создавање на обврски за кои реално не се обезбедени средства во буџетот на општината.

**Препорака**:
Кога буџетот не се остварува значително градоначалникот да предложи на советот ребаланс, почитувајќи ги историските податоци и реалните можности на субјектите во општината.

11.1.2. Неусогласеноста помеѓу планираните и реализираните приходи и расходи во еден дел се должи и на сметководственото не евидентирање на плаќањата со цесии кои не се реализирани преку платниот промет на трезорскиот систем во износ од 6.505 илјади денари. Ваквите плаќања го нарушуваат буџетското начело за парично искажување на приходите и расходите пропишано со Законот за сметководството на

буџетите и буџетските корисници. Ефектот е нереално и необјективно искажување на приходите и расходите во финансиските извештаи.

**Препорака:**
Градоначалникот како одговорно лице да не дозволува да се вршат плаќања по пат на цесии кои не се реализираат преку платниот промет на трезорскиот систем.

**11.2. Неправилна примена на акти**

11.2.1. Во Општина Чашка нема воспоставено организациона структура, методи и процедури со кои ќе се обезбеди функционирање, следење и развој на ефикасен систем на сигурен финансиски менаџмент и контрола согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола. Општина Чашка склучила договор во 2006 година со Општина Велес за давање на интелектуални услуги од страна на администрацијата на Општина Велес на администрацијата на Општина Чашка, кои се состојат во извршување на работни активности во делот на администрирање со даноци на имот, комунални такси, инспекциски надзор во област образование, животна средина, патен сообраќај и градежништво, како и услуги од внатрешен ревизор и овластен сметководител. Во текот на 2008 година во службената документација на Општина Чашка има документи од кои може да се потврди дека по основ на овој договор се користени само услуги од област на инспекцискиот надзор и од внатрешниот ревизор, а за останатите услуги кои се предмет на договорот нема потврда дека истите се извршени.
Невоспоставената финансиска контрола остава простор за не придржување кон законите и интерните акти како и ненаменско и незаконско користење на средствата и располагање со ресурсите.

**Препорака:**
Да се користат законските можности за меѓу општинска соработка не само од формален аспект туку склучените договори да се операционализираат.

12.Според наше мислење, поради значајноста на наодите изнесени во точката 11.1.2. финансиските извештаи не ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Општина Чашка на ден 31.12.2008 година, резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

13. Мислење за наменското и законско користење на средствата кои преставуваат државни расходи е изразено во Извештајот за извршената ревизија на органот на Општина Чашка.

Скопје 08.03.2010 година                                        Овластен Државен Ревизор

**БУЏЕТ НА ЕЛС ЧАШКА**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2008 ГОДИНА**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2008 | 2007 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.1. | 5.386 | 2.448 |
| Неданочни приходи | 3.2. | 109 | 227 |
| Капитални приходи | 3.3. | 116 | 80 |
| Трансфери и донации | 3.4. | 18.407 | 19.780 |
| **Вкупно приходи** | | **24.018** | **22.535** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.5.1. | 7.657 | 6.058 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.5.2. | 142 | 201 |
| Стоки и  услуги | 3.5.3. | 7.411 | 8.041 |
| Субвенции и трансфери | 3.5.4. | 2.364 | 1.573 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **17.574** | **15.873** |
| **Капитални расходи** | 3.6. | **5.325** | **5.290** |
| **Вкупно расходи** | | **22.899** | **21.163** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **1.119** | **1.372** |

**БУЏЕТ НА ЕЛС ЧАШКА**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31.12.2008 ГОДИНА**

во 000 ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2008 | 2007 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1 | 1.119 | 1.372 |
| Побарувања | 4.1.2 | 791 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | | **1.910** | **1.372** |
| **Вкупна актива** | | **1.910** | **1.372** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1 | 1.910 | 1.372 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **1.910** | **1.372** |
| **Вкупна пасива** | | **1.910** | **1.372** |